**Известување за концентрација со која МетсоОи (Metso Oyj), со регистрирано седиште на Тоолонлахденкату 2, ФИ-00100, Хелсинки, Финска, стекнува самостојна контрола над МекКлоски Интернешнал Лимитед (McCloskey International Limited), со канцеларија на светско ниво на адреса 1 МекКлоски Роуд Кин, Онтарио, Канада К9Ј 0Г6**
**(предмет бр. 08-61/2019)**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата (Службен весник на Република Македонија бр. 145/10, 136/11, 41/14, 53/16 и 83/18), на ден 27.06.2019 година, Комисијата за заштита на конкуренцијата прими известување за концентрација со која МетсоОи (Metso Oyj), со регистрирано седиште на Тоолонлахденкату 2, ФИ-00100, Хелсинки, Финска, стекнува самостојна контрола над МекКлоски Интернешнал Лимитед (McCloskey International Limited), со канцеларија на светско ниво на адреса 1 МекКлоски Роуд Кин, Онтарио, Канада К9Ј 0Г6, преку купопродажба на акции.

**Метсо** е индустриски конгломерат кој ги опслужува индустриите за рударство, агрегати (анг. *aggregates*), рециклирање, нафта, гас, пулпа (анг. *pulp*), хартија, и процесирање. Метсо има над 13.000 вработени во повеќе од 50 држави. Една од линиите на производи кои ги нуди Метсо е опрема за дробење и скрининг за агрегати, вклучувајќи, помеѓу останатото, мобилни и стационарни (т.е. фиксни) дробилки, сита (анг. *screens*), фидери (анг. *feeders*), транспортери (анг.*conveyors*), потрошнии резервни делови, како и експертски услуги и услуги за одржување. Во Северна Македонија, Метсо има регистрирано зависно друштво -МЕТСО МИНЕРАЛС ДООЕЛ Скопје, со регистрирано седиште на Њуделхиска бр. 6-2/4, Карпош, Скопје, и претставништво МЕТСО Австрија ГмбХ - ПРЕТСТАВНИШТВО Скопје, со регистрирано седиште на Њуделхиска бр. 6-2/4, Карпош, Скопје.

**МекКлоски** е производител на мобилна опрема за скрининг и дробење. Портфолиото на производи се состои од пет линии на производи за дробилки, сита, тромели (анг. *trammels*), одлагачи (анг. *stackers*) и опрема за миење. Машините се дизајнирани и направени во фабриките во Канада, Северна Ирска и САД. МекКлоски не се воопшто присутни во Република Северна Македонија.

Релевантниот пазар на стоки за пријавената концентрација може да се дефинира како пазар на опрема за дробење на камења посебно мобилни дробилки и сита во делот на агрегати и градежништво („А&С“) за крајна употреба. Во однос на географскиот обем на релевантниот пазар за концентрацијата, Подносителот смета дека е поширок од националното ниво, но сепак за целите на ова известување релевантниот географски пазар може да се дефинира како територијата на Република Северна Македонија.

*Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.*

*Комисијата ги повикува заинтересираните трети страни да доставaт забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на факс: 02 3296 466, на адреса: ул. Св. Кирил и Методиј 54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување.*

28.06.2019 година
Скопје